ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 08-959/1
18.03.2024 год.
Ново Село

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр. 5/02) и член 14 од Статутот на Општина Ново Село (Сл. гласник на Општина Ново Село бр. 16/06 Советот на Општина Ново Село на седницата одржана на ден _____ година ја донесе следната

ОДЛУКА
За објавување ЈАВЕН ПОВИК за изготвување
Безбедносна студија за општина Ново Село

Архивски знак 080/1
Рок на чување ТР
18.03.24 год.

Член 1

Со оваа одлука се објавува ЈАВЕН ПОВИК за апликација од страна на невладини организации (НВО) за изготвување безбедносна студија за општина Ново Село.

Студијата да ги опфати потенцијалните безбедносни ризици на територија на општина Ново Село (како погранична општина)

Студијата да ги анализира и презентира влијанијата на безбедносните ризици врз донесувањето одлука на туристите да ја посетат општина Ново Село и да даде препораки и изготви стратегија за развој во наредните 5 години, со обезбедување основа за апликација на меѓународни повици за добивање грантови

Член 2

Студијата да изготви стратегија за постигнување „Safe City" од страна на општина Ново Село, до крајот на планскиот период од 5 години

Член 3

Се повикуваат невладините организации регистрирани на територија на Република Македонија, да поднесат свои апликации со предлог активности и буџет до Советот на општина Ново Село најдоцна до 10.04.2024 до 15:00 часот во архивата на општина Ново Село. Апликациите да бидат разгледани на наредната редовна седница и да биде донесена одлука за прифаќање.

Член 4

Одлуката стапува на сила веднаш со нејзиното донесување и се задолжува општинската администрација да ја објави на web страната на општината, на денот на нејзиното донесување.

Предлагач
Претседател на совет на
општина Ново Село
Петар Марков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА